**20100941772**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 и член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр.156/09), член 9 став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр.146/09), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр.24/06, 88/08 и 31/10) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.06.2010 донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2010 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10, 11/10, 26/10, 39/10, 61/10 и 74/10) во делот XI став 7 зборот „15.06.2010 година" се заменува со зборот „31.07.2010 година".

Во став 9 по зборот „30.06.2010 година" се додаваат зборовите „освен за подточката 4.3. за која краен рок за поднесување на пријава е 15.11.2010 година".

2. Во делот XIII во став 2 зборовите „најдоцна до 25.12.2010 година" се бришат.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-3771/1
29 јуни 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.